# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

18 март 2025 | Излегува по потреба | Година XX | број 6



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 и "Службен весник на РСМ" бр.202/24), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА, ЗА ПОМОШ НА НАСТРАДАНИТЕ ГРАЃАНИ ВО НЕСРЕЌАТА ВО НОЌНИОТ КЛУБ "ПУЛС" - ОПШТИНА КОЧАНИ**

1. Се објавува Одлуката за доделување на финансиски средства, за помош на настраданите граѓани во несреќата во ноќниот клуб "Пулс" - Општина Кочани, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 18 март 2025 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-1799/1**
**од 18 март 2025 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02 и ''Службен весник на РСМ'' бр.202/24), а во врска со член 2 од Одлуката за користење на средствата од постојана и тековна резерва (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.24/24) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на педесет и седмата седница одржана на 18 март 2025 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА, ЗА ПОМОШ НА НАСТРАДАНИТЕ ГРАЃАНИ ВО НЕСРЕЌАТА ВО НОЌНИОТ КЛУБ ''ПУЛС'' - ОПШТИНА КОЧАНИ**

**Член 1**

Со оваа одлука, Општина Гази Баба во знак на хуманост и солидарност доделува финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година, за помош на настраданите граѓани во несреќата во ноќниот клуб ''Пулс'' - Општина Кочани, што се случи на 16 март 2025 година.

**Член 2**

За реализација на оваа одлука, се одобруваат средства во износ од 1.000.000,00 денари, кои ќе се исплатат од Буџетот на Општина Гази Баба за 2025 година, Програма - АО - Совет на општина, постојана и тековна резерва.

**Член 3**

Одобрените средства ќе се уплатат на сметка на Фондот за солидарност на Црвен крст на Република Македонија.

**Член 4**

Градоначалникот на Општина Гази Баба ќе ја спроведе оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-1785/3**
**од 18 март 2025 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**м-р Сашо Кукески, с.р.**

**ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
Сектор за урбанизам и градежно земјиште
Одделение за урбанистичко планирање
Бр.28–3/577/2 од 07.02.2025 година
**СКОПЈЕ**

**ПРЕДМЕТ: Потврда за одобрување на Урбанистички проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за: Новопланиран топловоден систем кон населба Железара од Т16 со стационажа 0+303,00 до Крај-спојување со постоен вреловод на стационажа 0+488,70 КО Гази Баба Општина Гази Баба Скопје**

Согласно член 62, став 7 и став 10, од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 32/2020, 111/23, 171/24 и 224/24), се одобрува Урбанистички проект за инфраструктура за линиска инфраструктурна градба за: Новопланиран топловоден систем кон населба Железара од Т16 со стационажа 0+303,00 до Крај-спојување со постоен вреловод на стационажа 0+488,70 КО Гази Баба Општина Гази Баба Скопје, со тех.бр. 496/2024 од 12.2024 година, со површина на проектен опфат од 181,12 м², изработен од Друштво за проектирање, инженеринг, консалтинг, производство и трговија увоз-извоз ЏОН И ЏОНИ ДОО Прилеп, Подружница Скопје, доставен преку информациски систем за е-урбанизам број на постапка бр. 66255.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**Бобан Стефковски**

**О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А**
Сектор за урбанизам и градежно земјиште
Одделение за урбанистичко планирање
Бр.28–3/1184/3 од 07.03.2025 година
**С К О П Ј Е**

**ПРЕДМЕТ: Потврда за одобрување на Урбанистички проект за градежно земјиште за формирање на градежна парцела со намена В2.8-детска градинка на дел од КП1014 и дел од КП1015/1 КО Сингелиќ 2, градска четврт С 21 блок 06, Општина Гази Баба, Скопје**

Согласно член 62, став 7 и став 10, од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25 ), се одобруваУрбанистички проект за градежно земјиште за формирање на градежна парцела со намена В2.8-детска градинка на дел од КП1014 и дел од КП1015/1 КО Сингелиќ 2, градска четврт С 21 блок 06, Општина Гази Баба, Скопје, со тех.бр. 0801-02-02/25 од Февруари 2025 година, со површина на проектен опфат од 3455м$^2$, изработен од Друштво за производство, трговија и услуги ИВАНОВ ИНЖИНЕРИНГ ДОО Битола, доставен преку информациски систем за е-урбанизам број на постапка бр. 69391.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**Бобан Стефковски**

# СОДРЖИНА


**ОДЛУКА** за доделување на финансиски средства, за помош на настраданите граѓани во несреќата во ноќниот клуб "Пулс" - Општина Кочани . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .2

**ОБЈАВА** од сектор за урбанизам и градежно земјиште . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .3



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 06/25**
**57 седница**

Издавач Општина Гази Баба | главен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци

e-mail: contact@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk